а сепак адекватен и ако истиот не е баш така едноставен.

Во уводот (5—9), се дадени условите во кои што се наоѓал грчко-римскиот свет пред словенската преселба на Балканскиот Полуостров. Овде се наброени и објаснети и причините што довеле до таа преселба.

Натаму книгата е поделена на дванаесет наслови: Словенските напади на Византија (9—20); Населувањето на Словените на Балканскиот Полуостров (20—27); Првите векови од животот на Словените во новите краеви (27—35); Јужните Словени меѓу Византија и Запад (35—41); Покрстувањето на Јужните Словени (41—47); Борбата на Јужните Словени против Византија во X век (47—60); Балканскиот Полуостров под власта на Византија (60—68); Издигнувањето на јужнословенските држави во XII век (68—77); Превласта на Бугарија на Балканот (77—85); Ширењето на Србија кон југ (85—97); Српското Царство и Византија (97—108); Јужните Словени и Византија во борбата против Турците (108—115).

Од наведените наслови јасно се гледа, дека во книгата се опфатени сите важни прашања од историјата на византиско-јужнословенските односи, особено настаните од т.н. политичка историја.

Книгата е опремена со пет карти и дваесет и четири илустрации од византиската и нашата средновековна историја.

Сметаме, дека заради големиот број на непознати термини, имиња и поими, што се наоѓаат во книгата, пожелно ќе беше на крајот да беа придодадени еден речник на непознати термини, регистер на имињата и поимите, како и еден мал список на најважната литература за поедини прашања.

На крајот, заради вредноста и намената, книгата е препорачлива, првенствено за училишните библиотеки, а потоа и за секоја домашна и други библиотеки.

А. К.

## Цветан Беличански, ЗАПОЗНАВАЊЕ НА ОПШТЕСТВОТО ЗА V ОДДЕЛЕНИЕ НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ, „Просветно дело", Скопје, 1969 година

Запознавањето на општеството како наставен предмет во IV и V одделение на основното училиште на учениците треба да им даде знаења за нашата земја, современиот живот и работа на луѓето, зависноста помеѓу природната средина и луѓето што живеат во неа, основи од борбата за слобода и независност на нашите народи во минатото, за развитокот на општеството и поврзаноста на народите, за достигањата на цивилизацијата како заеднички плод на сите народи.

За остварување на овие цели дадена е воопштената тематска програмска структура за IV и V одделение која чини една единствена целина.

Со оглед на ориентациониот карактер на наставната програма, од самото воведување на овој предмет во основното училиште како основен проблем се јавуваше различната интерпретација на наставната програма, особено во периодот кога немаше учебник. Ни првиот учебник по запознавање на општеството

даден во вид на збирка на текстови со репортажен и друг карактер, не даде голем придонес за поправилна интерпретација на наставната програма, што придонесе во наставата по овој предмет учениците да не се здобиваат со определен и систематизиран квантум на знаења.

Од овие причини појавата на учебникот на Беличански од една страна претставува квалитативен скок воопшто во нашата учебникарска литература, а од друга страна дава поадекватна **содржинска** интерпретација на наставната програма.

Авторот на учебникот ја задржува тематската обработка на наставниот материјал, но послободно и порационално го интерпретира и успева големиот број повторувања што по програмата се јавуваат во некои теми да ги одстрани, што е посебен придонес за јасноста и систематичноста во обработката на наставниот материјал. При тоа тој директно преминува на обработката на наставниот материјал за V одделение, а водејќи сметка за целовитоста на програмата за V и IV одделение, целисходно и рационално го поврзува.

Содржински учебникот обработува битни поими од тематските целини на достапен начин за учениците од оваа возраст и со адекватен интензитет и екстензитет. Средноста и систематичноста во изложувањето на наставните содржини се посебен квалитет на учебникот. Ова е во толку позначајно што поради разнородноста на програмските содржини кои се од современиот живот и минатото, но од голем број области на науката како: географијата, историјата, социологијата, економиката итн., голем број наставници — теоретичари и практичари — се изјаснуваа за отфрлање на овој предмет од наставниот план како содржински неопределен. Меѓутоа, учебникот успешно го решава овој проблем и на тој начин јасно го определува квантитетот на знаењата што ученикот треба да ги усвои од оваа област. Успешното решавање на содржинската страна на учебникот и интерпретацијата на програмата е постигнато преку длабоко навлегување и проучување на суштината на програмата и со изграден педагошки критериум за психофизичките можности на децата од оваа возраст.

Самата концепција на учебникот е во согласност со барањата на современата наука во однос на учебникарската литература. Овие настојувања на авторот да се оттргне од класичниот начин на пишување на учебник се огледаат како во методолошкиот пристап кон обработката, така и во однос на подвлекувањето на битното преку резимето, прашањата и задачите и илустративниот материјал.

Наставните содржини се изнесени со достапен речник, јасно, концизно и системно и на тој начин е одбегнато секакво одвлекување на вниманието на ученикот од битното. Тоа е многу важно со оглед на познатите претерувања на некои автори на учебници во навлегување во споредното и епизодичното што го замаглува битното и им го отежнува учењето на корисниците на учебникот. Ако од содржинска страна се земе одделно секоја наставна единица и учебникот како целина со сите средства со кои се служи авторот, може да се констатира дека се водела сметка за целите и задачите на овој наставен предмет сестрано, така што и идеј-

ната страна на учебникот е на висок ниво. На учениците успешно им се презентира СФРЈ како братска социјалистичка заедница на рамноправни народи и народности, заедничкиот живот и работата во изградбата, совладувањето на природата и користење на богатствата, посебните културно-историски вредности на народите и народностите, развитокот, заедничката борба во минатото за слобода и независност, а особено во НОБ. Посебно квалитетна е обработката на темата „СФРЈ — слободна земја на социјализмот“. Во оваа тема успешно е уфрлен известен број одбрани текстови со потребна литературна и историска вредност и погодни за негување на патриотските чувства на учениците — на југословенскиот социјалистички патриотизам. Овие текстови се така вкомпонирани во целиот материјал што со ништо не пречат на материјалот што треба да се научи, но ги оживуваат историските факти и вистини.

Во настојувањата да го освежи и осовремени учебникот, Ц. Величански, посебно внимание му посветува на еден вид резиме под наслов „Ова сакам да го знам“. Самиот наслов делува на психичката мобилизација на ученикот, му помага да донесе цврста одлука: кондензираните факти и поими во овој дел да ги совлада. Посебно е вредно што во овој дел не е дадено само обично резиме на битното што треба да се совлада од изложената наставна содржина, но тоа претставува и извесно програмско проширување со интересни факти и други занимливости. Ваквиот пристап, педагошки е оправдан, претставува придонес за полесно совладување на изложената материја, а особено за будење и проширување на ученичките интереси за нови сознанија.

Комплетна целина со изложувањето на наставната материја и резимето чинат и прашањата и задачите. Прашањата го ориентираат ученикот на самопроверка на совладаноста на битното и умешноста за служење со здобиените знаења. Задачите се добро обмислени, сообразни со психофизичките можности на учениците и насочени да придонесат за развивање на самоактивноста на учениците и за проширување на нивните интереси, што во основа со нив треба и да се постигне.

Илустративниот материјал е богат, содржински обмислен и складно поврзан со текстовите. Тој го освежува учебникот и на ученикот нагледно му прикажува одделни објекти, настани, личности и друго.

Општо земено учебникот по својата содржина и по техничката опрема претставува чекор напред во нашата учебникарска литература. Учениците се здобија со солидно средство за совладување на наставниот материјал по запознавање на општеството, а наставниците имаат посигурна ориентација во интерпретацијата на наставната програма. Во исто време овој учебник, во извесна мера, станува и аргумент за можноста запознавањето на општеството да се изгради како наставен предмет, а со тоа и задржи во наставниот план на основното училиште, место да се бара решение во неговото расчленување на повеќе наставни предмети, а со тоа се враќаме на предреформскиот период во нашето основно школство.

М. К.